Ovo je pregled DELA TEKSTA rada na temu "Svetska trgovska organizacija (makedonski)". Rad ima 12 strana. Ovde je prikazano oko 500 reči izdvojenih iz rada.

Napomena: Rad koji dobjate na e-mail ne izgleda ovako, ovo je samo DEO TEKSTA izvučen iz rada, da bi se video stil pisanja. Radovi koje dobijate na e-mail su uređeni (formatirani) po svim standardima. U tekstu ispod su namerno izostavljeni pojedini segmenti.

Ako tekst koji se nalazi ispod nije čitljiv (sadrži kukice, znakove pitanja ili nečitljive karaktere), molimo Vas, prijavite to ovde.

Uputstvo o načinu preuzimanja rada možete pročitati ovde.

## ВОВЕД

Целта на овој семинрски труд е да се согледа важноста од постоењето на Светската трговска организација, како и нејзиното значење во светски рамки. Поради тоа, ќе бидат опфатени сите побитни договори врз кои се заснова оваа светска организација, придобивките од договорите и воопшто и од членството на одредена земја во неа. Посебен аспект ќе се даде на ТВТ договорот и на SPS договорот, од кои произлегуваат многу правила на однесување за земјите како и многу поволности. Ќе биде објаснето исто така и МФН правилото како функционира истото како се применува и кои се исклучоците од ова правило. На крајот од овој семинарски труд ќе се наведат и придобивките за земјите кои се членки на Светската трговска организација, како и значењето на оваа организација во светски рамки.

Резимирано, ќе биде опфатено: поим суштина и значење на Светската трговска организација, кога и како е создадена светската трговска организација, структурата на Светската трговска организација, основните функции и принципи на Светската трговска организација, ТВТ договорот, SPS договорот, клаузулата за најповластена нација (МФН), придобивките и значењето на Светската трговска организација.

## Светска трговска организација – поим, суштина и значење

Трговијата преставува централно место за човечкото здравје, проспеитетот и социјалната благосостојба. Повеќето од стоките коишто ги купуваме, сервисите коишто ги користиме и храната која што ја конзумираме зависат од странската трговија, од странските маркети.

Трговијата ги обаготува нашите животи преку големиот избор на производи и ни отвара нови видици за разни идеи и култури. Таа ги поврзува луѓето заедно во динамична и комплексна мрежа на меѓусебно бенифицирани комерцијални врски. Таа е главното оружје за економски развој.

Развојот на просперитетната трговија им дава на луѓето можност да купуваат нешта кои што исклучително ги ценат, како: едукација, здравје, домаќинство и храна за невните семејства. Тоа е и задачата на Светската трговска организација, да ги воспостави правилата и да ја чува и негува основата на комерцијалната активност, како и сигурноста и безбедноста на потрошувачите. Светската трговска организација е единствена интернационална организација која што управува со глобалните трговски правила помеѓу нациите. Резултатот е осигурување. Потрошувачите и производителите знаат дека се безбедни при набавувањето и користењето на големиот избор на готови производи, компоненти, суровини и сервиси. Производителите и извозниците исто така знаат дека странските маркети ќе станат отворени за нив. Резултатот е исто така поуспешен, понапреден, помирен и поодговорен економски свет.

Светската трговска организација не им кажува на владите на земјите членки како да управуваат односно како да ги водат нивните трговски политики. Всушност, таа е т.н "member-driven" организација. Тоа подразбира:

Правилата во Светската трговска организација се договори од страна на претставниците на владите на земјите членки

Одлуките се донесуваат преку консензус од страна на преставниците на земјите членки и тие се ратификуваат во нивните парламенти

Со други зборови, одлуките кои се донесени во Светската трговска организација се преговорени, одговорни и демократски. Со намалувањето на трговските бариери Светската трговска оранизација исто така ги руши и дргите видови бариери помеѓу луѓето и нациите. Во срцето на системот – познат како мултилатерален трговски систем – се СТО договорите, преговорени и потпишани од најголемите светски трговски нации и ратификувани во нивните парламенти. Овие договори се основни легални прописи и правила за интернационалната трговија. Всушност, тоа се договори кои што им гарантираат на земјите членки значајни трговски правила. Но, нивната цел е да им помогнат на производителите на стоки и услуги, извозниците и увозниците да управуваат со нивните бизниси. Целта е да се подобри благосостојбата на сите луѓе во земјите членки.

...

--------------------OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU.---------------------

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:

maturskiradovi.net@gmail.com